**ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ за ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје собира и обработува лични податоци на членовите во рамките на учеството во програмата Cashback World за пресметување на соодветните придобивки за купување, имено име и презиме, назив, пол, датум на раѓање, емаил адреса, поштенска адреса, координати на адреси (географска ширина и должина) телефонски број, број на факс, членски број, информации за сметката (банка, IBAN, BIC и сопственик на сметката), како и податоци за нивното потрошувачко однесување и направени купувања (датум на купување, место на купување, време на купување, куповна сума, валута, потрошувачка кошничка, бранша, начин на купување онлајн, офлајн, во МСП, голем клиент, со Cashback картичка)). МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје исто така, може да користи mWS myWorld Solutions AG (Грацбахгасе 87-93, 8010 Грац, Австрсија) како давател на услуги при обработката на горенаведените податоци.

Членот се согласува и може да ги отповика во кое било време - дека овие лични податоци на МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и / или на mWS myWorld Solutions AG ќе се обработат за известување и праќање на персонализирани информации на членот како и за контактирање по пошта или лично преку МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и / или mWS myWorld Solutions AG за рекламирање на Cashback World програмата и за понуди на партнерските компании како и за анонимна форма на статистички истражувања за МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и АД РК ВАРДАР, бул. АСНОМ бр. 1, Скопје, Република Македонија.

Членот понатаму се согласува дека МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје ги пренесува горе наведените лични податоци на АД РК ВАРДАР, бул. АСНОМ бр. 1, Скопје, Република Македонија и дека АД РК Вардар. ги користи овие лични податоци за следниве маркетинг цели: контактирање на членот со електронски известувања (во моментов е-пошта, СМС и проследувачки известувања), по факс, телефон или со писмо за да му се соопштат на членот информации за производи и промоции на АД РК ВАРДАР, за да му се соопштат на членот соодветни понуди кои одговараат на неговите интереси и такви да му се испратат како и спроведување на анкети за задоволството. Понатаму АД РК ВАРДАР ги користи податоците во анонимна форма за статистички цели.

Членот може да ја повлече својата согласност за соодветната обработка на податоци во кое било време писмено (на МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје бул. 8ми Септември бр. 16, Хипериум Бизнис Центар, 2 ка, 1000 Скопје, Република Македонија) или по електронска пошта на service.vardar@cashbackworld.com за во иднина. Правата поврзани со заштита на информации за известувања, промени и бришења можат исто така да се бараат во овие информации за контакт.